

Жардињера за цвеќе од камен-оникс, од Лешочко кале, мајстор, Љубе Анѓелковски-Меро од родот Ќапункои

Мојата куќа е до Лешочкото Кале и мајсторите од с. Туминец, Мала Преспа, Албанија, ѕоѕидаа на камената ограда камен од оникс, а мајстор Љубе Анѓелковски од Лешок, ми ѕоѕида ѕид и жардињери за цвеќе.

Интересно е дека на подот од црквата Св. Атанасие - Стар Манастир и денес 2023 година има остатоци од обработени плочи од оникс, кои биле ѕоѕидани на подот на црквата. Камења од неметалот **оникс**, во минатиот 20 век експлоатираше Претпријатието Неметали од Тетово. Во тврдината на Калето има вградени камења од ониксот.

На основа на неметалот оникс, во 60-те години се формира Фудбалски клуб ОНИКС, Лешок, кој успешно се натпреварува во Тетовски фудбалски потсојуз. За фудбалот во Лешок и фудбалскиот клуб Оникс, повеќе може да прочитате во мојата книга, Види, ( Р. бр. 129-158). **в. Каље, фудбал, ФК Оникс,**



Фудбалски клуб ОНИКС, Лешок, на Тетовскиот стадион игра против ФК ШАР, 1961, Тетово,

**онољку** - онолку,

**Онуфрие** - машко име и светец Онуфриј Велики. Свети Онуфрие цели шеесет години преживеал сам во пустиња, без храна, вода и облека. Косата и брадата му допреле до земја, а поради долгогодишната голотија на кожата му порасале влакна бели како снег, а изгледот му бил блескав, возвишен и безстрашен. **в. јереј, Византијци, Онуфриевски, Онче, Лалошои,**



Св. Онуфрие, фото, преземено,

**Онуфриевски** - нова фамилија- лоза, од поповскиот род **Лалошои** од Лешок, кои се наследници на јереј Онуфрие односно поп Онче, како народот го ословувал во тоа време. Во Лешок потомците на **поп Онуфрие** односно поп Онче се ословуваат и некои се презиваат со Онуфриевски Ончеej, Ончевски, Попооj, Попоски, Попов, Спирооj, Спироски, Јасреej, Јастревски и др. Интересно е некои од потомците на Ѓорче и Јастре го земаат презимето Ончевски, а некои потомци на поп Спиро го преземаат презимето Онуфриевски. Многу од потомците на Онуфрие го земаат презимето Попов, Поповски, Попооj и т.н. Види: Р. бр. 1 , во Табела, бр. 1, 2, 2-а, 3, 3-а, 3-б, 3-в, 5, 5-а, 5-б, таб. бр.6 до 15, таб. бр. 17, 18, 18-1, 18-б, бр. 19, 19-1, 19-б и таб. бр. бр. 33 и 33-а и текст ( стр. 273 -291

и 344-543). Има многу значајни лица од свештеничкиот род Лалошои, ќе споменам неколку: епископ Никанор, Лалош, Милош, поп Китан, поп Симон, јереј Онуфрие, монахот Данаил- Петре (Петроние), кој бил брат на Онуфрие, поп Спиро, кметот Јасре, кои се синови на Онуфрие, поп Ѓиго и учителот Трпо, внуци на Онуфрие, потоа Живко, Сандро, Иљо и Слободан, кои се правнуци на Онуфрие, како и многу други. Од вкупно 1645 лица од родот Лалошои од Лешок и Непроштено, потомци на јереј Онуфрие до 2009 год., по машка и по женска линија обработив вкупно 878 лица, види: Преглед ( Р. бр. 1, стр. 347-348и Р. бр. 4, стр. 88- 89). Со оглед дека се појавуваат нови фамилии од родот Лалошои, за позначајните лица од овие нови фамилии ќе бидат посебно споменати, во други наслови, а овде ќе ги издвојам само поп Спиро, поп Ѓиго и учителот Трпо Онуфриевски. Види, (Р. бр.1, стр. 568 -575). **в. Онуфриевски, Лалошooj, Oнчески, Попooj,**



Поп Спиро Онуфриевски (1858-1948), и синовите Трпо Онуфриевски ( 1896-1933) и Григорие Онуфриевски (1883-1970), ( завршиле богословија во Призрен) од родот Лалошооj од Лешок

**Онче** - е машко име, кое е изведено од името **Онуфрие**. Во Лешок во Лалошовиот род има повеќе нови фамилии и семејства, наследници на Јереј Онуфрие (поп **Онче**), **в.Онуфрие,**

**Oнчееј** - наследници на Јереј Онуфрие односно поп Онче од родот Лалошои од Лешок ги викаме Онуфриевски, или Oнчееј односно Oнчески. Од Ѓорче, еден од синовите на поп Онуфрие, се ствара нова фамилија која ја викаме **Ѓорчееј** или **Oнчееј** односно **Oнчески**. Од новата Фамилија **Ѓорчееј** односно Oнчевски (Oнчееј), Ѓорче (26), син на јереј Онуфрие, го продал имотот во Лешок и се преселил во Ѓорче Петров. Ѓорче поп Oнчев има многу потомци и повеќето го носат презимето Oнчевски. Од оваа фамилија во Втората Светска војна загинал Ќирко Трипунов Oнчевски (1926-1944). Од наследниците на Ѓорче има повеќе значајни лица, ќе ги споменам следните: Геро Oнчевски, Јован Oнчевски- Бато, Душко Ј. Oнчевски,Печатница, Бато, Јован Јоанидис, адвокат, Владо Oнчевски, економист, Крсто Несторов, ревизор, Иљо Саздов Жабарот,угостител, Ристо Антароров,хирург, Јован Србиновски, Јован Иљов Саздов -Жабар и многу др. Види, (Р.бр. 1, стр. 516 -524 и таб. бр. 18-б, Р. бр. 12, стр. 59 -63), Р. бр. 81, стр. 28-38, 47-49 и Р. бр. 75).



Ќирко Oнчевски (1926-1944),Геро Oнчевски, Владо Г.Oнчевски, Иљо Саздов-Жабар, Јован И.Саздов-Жабар и Јован Јоанидис

Од родот Ќапељанооj кои се доселени од Брезно, го имаат презимето Oнчевски, иако крвно не се потомци на Јереј Онуфрие односно поп Онче. Види, (Р. бр. 12, стр. 92-93). **в. Онуфрие, Онче, Oнчевски, Ѓорчееј, Лалошои, Ќапељанооj,**